Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија УП1 бр. 07-80/15 од 22.03.2018 година на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИЈАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАИТОН ДООЕЛ Скопје, на седницата одржана на 27.03.2018 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Во Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од МХЕЦ "Ештеричка" со реф.бр.373 на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИЈАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАИТОН ДООЕЛ Скопје издадена од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија со Одлука УП1 бр. 07-80/15 од 08.03.2016 година (Службен весник на Република Македонија бр.47/16), во Прилог 1 се вршат следните промени:
   - во точка 1 зборот "ДОО" се заменува со зборот "ДООЕЛ",
   - во точка 3 евидентниот број на лиценцата се менува и гласи "ЕЕ - 250.01.1/15.2/18"
   - во точка 12 став 2 алинеја 2 зборовите "Пазарни правила" се заменуваат со зборовите "Правила за пазар на електрична енергија", по алинеја 8 се додава нова алинеја 9 која гласи "- доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари," алинеја 9 станува алинеја 10
   - во точка 18 став 1 алинеја 1 се брише.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИЈАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДООЕЛ Скопје, согласно член 45 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (во натамошниот текст Правилник) до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија достави известување/барање за отпочнување на постапка за менување на лиценца за производство на електрична енергија од МХЕЦ "Ештеричка" со реф.бр.373, поради промена во сопственичката структура и називот на друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на 26.01.2018 година донесе Заклучок за отпочнување на постапка за менување на лиценца со кој утврди кои одредби од Правилникот ќе се применуваат и потребната документација која што треба да биде доставена во постапката за менување на горенаведената лиценца.

Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИЈАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДООЕЛ Скопје, постапи по Заклучокот и на 22.03.2018 година до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија достави Барање за менување на лиценца за производство на електрична енергија, со потребната документација.

Менувањето на лиценцата е побарано поради настанати промени во сопственичката структура, а со тоа и во називот на носителот на лиценцата.

Врз основа на член 22 став 1 точка 16, од Законот за енергетика и член 28 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 27.03.2018 година, одржа редовна седница и донесе Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од МХЕЦ "Ештеричка" со реф.бр.373 на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИЈАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од приемот.

**УП1 бр. 07-80/15**
**27.03.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**